Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-2229/46
26-11-2021 год.
Скопје

Врз основа на член 93, став 5 од Статутот на Филозофскиот факултет во Скопје (Универзитетски гласник бр. 463 од 18. X 2019 год.), член 8, став 5 и став 6 од Упатството за спроведување на избори за членови и претседател на Факултетското студентско собрание (Пречистен текст) бр.02-1935/5 од 27.10.2020 година, како и Записникот од гласањето за избор на членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет во Скопје, за мандатен период 2021-2022 година бр. 02-2229/44 од 23.11.2021 година, се донесе следната

**ОДЛУКА**
**за избор на Претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет за мандатен период 2021/2022**

1. Врз основа на Записникот од гласањето за избор на членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет во Скопје, за мандатен период 2021-2022 година арх. бр. 02-2229/44 од 23.11.2021 год., за Претседател на Факултетско студентско собрание на Филозофскиот факултет за мандатен период 2021/2022 се избира: Димитар Здравески.

2. Оваа одлука е конечна и стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

3. Одлуката ќе се објави на веб страната и Огласната табла на Факултетот.

**Образложение**

По спроведеното гласање за избор на членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет во Скопје, за мандатен период 2021-2022 година кое се одржа на 22.XI.2021 година, Изборната комисија на Филозофскиот факултет-Скопје за спроведување на гласањето за избор на членови и на Претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет во Скопје, во состав: Проф. д-р Софија Георгиевска-претседател, Проф. д-р Ванчо Кенков-член, Ева Тодоровска-член, Христина Димкар-член и Елена Гоцевска-член, утврди дека за избор на претседател доставени се вкупен број на гласачки ливчиња според Избирачкиот список 2397. Во гласањето учествувале 161 студент од кои 142 гласа ЗА, 3 гласа ПРОТИВ и 16 НЕВАЖЕЧКИ гласачки ливчиња. Земајќи ги предвид само важечките гласачки ливчиња, Изборната комисија констатира дека кандидатот за Претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет во Скопје го доби следниот број на гласови: Димитар Здравески вкупно 142 гласа.

Изборната комисија на Филозофскиот факултет-Скопје врз основа на резултатите од гласањето за претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет во Скопје, донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател на изборна комисија**

Проф. д-р Софија Георгиевска,